РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-2329/1
25.07 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25, член 30 став 1 алинеја 3, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 11/2015) и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија бр. 02-1712/2 од 15.04.2015 година, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2017**

За пополнување на работни места со унапредување на административни службеници во Службата на Собранието на Република Македонија

1. Се објавува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следните работни места:

01. **Помлад соработник за стручно-аналитички работи** со шифра на работно место **УПР 01 01 В04 000** во Одделение за стручно-аналитички работи во Сектор - Кабинет на претседателот на Собранието - **1(еден) извршител**.

Посебни услови за работното место за нивото В4 утврдени со актот за систематизација:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки, Економски науки или Компјутерска техника и информатика,
- со или без работно искуство во струката,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат

02. **Помлад соработник за стручна поддршка на Националниот совет за евроинтеграции** со шифра на работно место **УПР 01 01 В04 000** во Одделение за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции - **1(еден) извршител**.

Посебни услови за работното место за нивото В4 утврдени со актот за систематизација:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правни науки или Економски науки,
- со или без работно искуство во струката,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат

2. Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.
- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

3. Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси a.ognjanovska@sobranie.mk и пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата да ја достават преку архивата на Собранието на Република Македонија до Одделението за управување со човечки ресурси.

4. Кандидатите, пријавата со потребните документи треба да ја достават во рок од 5 дена од денот на објавувањето на интерниот оглас.
   Кон пријавата кандидатот треба да приложи:
   -Оценки за оценување на државниот службеник од последните 3 години;
   -Обуки како посетител на обука (потврди не постари од 5 години);
   -Обука како обучувач (потврди не постари од 5 години);

5. Во пријавата кандидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

6. Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде преглед на разгледување. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
Цветанка Иванова